РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2619/2

08-03-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 83-та седница одржана на 27.02.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2619/1 од 30.07.2021 година, со наводи за неправилности во постапките за вработувања во сите основни училишта на територијата на Град Скопје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2619/1 од 30.07.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 30.07.2021 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапките за вработувања во сите основни училишта на територијата на Град Скопје и оформен е предмет број 12-2619/1 од 30.07.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во моментот на поднесување на истата објавени биле огласи за вработување на наставен кадар во сите основни училишта на територијата на Град Скопје. Согласно наводите од пријавата, подносителот како дипломиран професор по одделенска настава од огласите за кои има аплицирано или остварено разговори во врска со истите наведува дека може да се заклучи дека вработувањата се партиски, а огласите се објавени само формално. Од ДКСК се бара да стави крај на партиските вработувања, давањето и примањето мито при вработување, со оглед дека иднината на учениците зависи од квалитет и стручноста на наставниот кадар кои на овој начин не се постигнуваат, а од друга страна младиот и квалитетен кадар не може да се вработи и непотребно се изложува на трошоци за пријавување на огласите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи или незаконитости кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на конкретно службено лице во постапките за вработување, туку се изнесени наводи за општи состојби. Во однос на ризиците од непотизам и кронизам при вработувањата, ДКСК има изготвено препораки за измени и дополнувања на закони што се од областа на вработувањето што се доставени до надлежните институции.

Оттаму ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**